**ЗАПИСНИК**
**од првото продолжение на 10-та седница**
**на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Методија Јанчески (оправдано отсутен) Зоран Фиданоски (оправдано отсустен, боледување).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено отсутен).**

**На седницата го заменуваше раководител на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на Овластување бр.03-1125/1 од 26.02.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /.

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека како единствена точка ќе се разгледува Предлог-записникот од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2019 година, кој беше одложен поради технички причини.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот Записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2019 година.

Г-дин Трајчев рече дека има правописна забелешка во неговата дискусија на страна 8 од записникот и предложи зборот „рачунаат“ да се замени со „пресметуваат“.

Советот со вградена корекција од г-дин Трајчев со 4 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фетаи го усвои предложениот Записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-1073/7**
**06.03.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**